**20261331911**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 став (9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јуни 2026 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ – ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО МОЌНОСТ НАД 10MW, КО ИЖИШТЕ, ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Член 1

(1) Со оваа одлука се донесува Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ижиште, Општина Македонски Брод.

(2) Составен дел на оваа одлука е Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ижиште, Општина Македонски Брод со тех. бр.25/24 од јануари 2026 година, изработен од Друштвото за услуги, градежништво, производство, трговија и транспорт ТИМ ПРОЕКТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, кој е објавен на веб-страницата на Министерството за транспорт.

(3) Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ижиште, Општина Македонски Брод, се состои од:

- Графички дел кој содржи графички прикази на планските решенија со нумерички показатели,
- Текстуален дел кој содржи цели на планот, концепт на планот, услови за развој и градење и одредби за спроведување со нумерички податоци и со билансни показатели и
- Составни делови на урбанистички план:

А)Графичкиот дел содржи:

- ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

1.ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН............ 1:250 000

2. ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ОД ПРЕТХОДНО ДОНЕСЕНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, ОДОБРЕНИ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ, РЕАЛИЗИРАНИ АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ И ПРОЕКТИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВАЖЕЧКИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЧИИШТО ПЛАНСКИ ОПФАТИ ГРАНИЧАТ СО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ СО НАНЕСЕНА ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ............................................. 1:2500

3. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА.....1:1000

4. САТЕЛИТСКА СНИМКА СО НАНЕСЕНА ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ.............1:5000

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, НА ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА ........................................................... 1:1000

- ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ:
1. ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ......................................................1:1000
2. РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН............................................................... 1:1000
3. ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА..........................1:1000
4. ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ ........................................................................... 1:1000
5.СООБРАЌАЕН, НИВЕЛАЦИСКИ, ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН И ПЛАН НА ЗЕЛЕНИЛО...................................................................... 1:1000
6. СИНТЕЗЕН ПЛАН ..................................... 1:1000

Б) Текстуалниот дел содржи:
- СОДРЖИНА НА ОПШТА ДОКУМЕНТАЦИЈА,
- ДАНОЧЕН РЕФЕРЕНТЕН ДОКУМЕНТ НА ИЗВРШИТЕЛОТ,
- ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ,
- РЕШЕНИЕ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ,
- ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ,
- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ОД ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА,
- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ОД ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА,

В)Составни делови на урбанистичкиот план се:
- РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМА И ПЛАНСКАТА ПРОГРАМА,
- ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА,
- РЕШЕНИЕ ЗА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ И УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ,
- ИЗВОДИ ОД ДОНЕСЕНИ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ И ПЛАНОВИ,
- ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И СУБЈЕКТИ СО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА,
- МИСЛЕЊА ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И СУБЈЕКТИ СО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА,
- ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА И ФОРМУЛАР ЗА ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА И ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ,
- РЕШЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ,
- МИСЛЕЊЕ ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И МИСЛЕЊЕ ПО ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И
- ИЗВЕШТАЈ ОД ОДРЖАНА СТРУЧНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

Бр. 57-2530/10
16 јуни 2026 година
Скопје